**УДК: 327.36**
**341.123.043:327**

# УЛОГАТА НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОН И СИСТЕМ ЗА КОЛЕКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО ОДРЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПОРЕДОК

**Кукушев, Ангела**
*Докторанд, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*
nikoloska_angela@yahoo.com

**Апстракт**

Овој труд ја истражува улогата на Советот за безбедност на Обединетите нации (СБОН) и поширокиот систем на колективна безбедност во одржувањето на меѓународниот поредок. Како основно глобално тело задолжено за одржување на мирот, Советот за безбедност на Обединетите нации работи во рамките на колективната безбедност, систем каде државите се согласуваат на взаемна одбрана од заканите за меѓународната стабилност. Оваа студија ја истражува ефикасноста на Советот за безбедност на Обединетите нации во одговорот на современите безбедносни предизвици, вклучувајќи ги вооружените конфликти и транснационалниот тероризам. Со анализа на клучните резолуции и интервенции, овој труд ја проценува способноста на Советот за безбедност на Обединетите нации да се прилагоди на еволуирачката динамика на моќта на светот и го испитува влијанието на правото на вето на постојаните членки врз колективната акција. Дополнително, ги проценува ограничувањата и критиките на моделот за колективна безбедност, истражувајќи ги реформите што би можеле да ја подобрат одговорноста и легитимноста на Советот за безбедност на Обединетите нации. Крајно, трудот ја нагласува клучната, иако ограничена, улога на СБ на ОН во глобалното управување и неговата потенцијална еволуција како механизам за мир и безбедност во мултиполарен свет.

***Клучни зборови:*** *меѓународни односи, меѓународна безбедност, стабилност, модел на колективна безбедност.*

**UDK: 327.36**
**341.123.043:327**

# THE ROLE OF THE UN SECURITY COUNCIL AND THE COLLECTIVE SECURITY SYSTEM IN MAINTAINING INTERNATIONAL ORDER

**Kukushev Angela**
*PhD Student, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, University “St. Cyril and Methodius” Skopje,*
nikoloska_angela@yahoo.com

**Abstract**

This paper examines the role of the United Nations Security Council (UNSC) and the broader system of collective security in upholding international order. As the primary global body tasked with maintaining peace, the UNSC operates within the framework of collective security, a system where states agree to mutual defense against threats to international stability. This study investigates the effectiveness of the UNSC in responding to modern security challenges, including armed conflicts and transnational terrorism. By analyzing key resolutions and interventions, this paper evaluates the UNSC's ability to adapt to evolving global power dynamics and examines the influence of permanent members' veto power on collective action. Additionally, it assesses the limitations and criticisms of the collective security model, exploring reforms that could enhance the UNSC’s responsiveness and legitimacy. Ultimately, the paper highlights the UNSC's pivotal, albeit constrained, role in global governance and its potential evolution as a mechanism for peace and security in a multipolar world.

***Keywords**: international relations, international security, stability, collective security model;*

**Вовед**

Концептот на колективна безбедност претставува систем во меѓународните односи каде група на држави се согласни да соработуваат со цел да го одржат меѓународниот мир и безбедност. Овој концепт главно се базира на принципот дека напад на еден член на групата е напад на сите членови, по што групата ќе преземе колективна акција да се одбрани од нападот. Овој труд се занимава со анализа на системот на колективна безбедност и улогата на Советот за безбедност при Обединетите нации во одржување и зачувување на меѓународниот мир и безбедност. Трудот е поделен на четири дела. Најпрво, се прави теоретска експлорација на поимите на „колективна безбедност“ и „систем на колективна безбедност“. Главниот дел е поделен на две поглавја: во првото се анализира улогата на Советот за безбедност во системот на ОН, додека во вториот дел се прави кратка анализа на неколку интервенции и санкции наметнати од страна на Советот, како што се: санкциите врз Родезија (сегашен Зимбабве), санкциите врз Ирак после инвазијата на Кувајт, санкции врз СР Југославија, Сомалија, Северна Кореја, ДР Конго, како и интервенциите врз конфликтите кои сè уште траат, руската инвазија на Украина и конфликтот помеѓу Израел и Палестина. Во заклучокот на трудот уште еднаш се потврдува важноста на улогата на Советот за безбедност во досегашната констелација од меѓународни односи, се наметнува прашањето за неговата улога во денешната променлива геополитичка реалност, како и перспективите за негова идна реформа.

Концептот на „колективна безбедност“ отвора широка дискусија во академската заедница. Притоа, се забележува флексибилност и различни толкувања на поимот, па така Roberts и Kingsbury ја дефинираат колективната безбедност како „договор во кој секоја држава во системот прифаќа дека безбедноста на една е заедничка грижа на сите и се согласува да се придружи на колективен одговор на агресија“. (Roberts & Kingsbury, 1994) Claude Jr. забележува дека доколку терминот „колективна безбедност“ се користи во поширок контекст, се чини дека е синоним за мир или светски поредок, додека пак може и да се користи за да се означат сите мултилатерални напори за справување со одржување на меѓународниот мир и безбедност, а не конкретно за системот кој се здоби со важност после Првата светска војна. (Claude Jr., 1992)

Малком Н. Шо расправа токму дека „историјатот на колективната безбедност од 1945 година укажува на тоа како флексибилноста и текстуалното толкување спречиле да се распадне системот“. (Шо, 2009) Во дефиницијата на Kupchan et al, на колективната безбедност се гледа како на „договор помеѓу државите да почитуваат одредени норми и правила за да одржат стабилност и кога е потребно да се здружат за да ја запрат агресијата.“ (Kupchan & Kupchan, 1995) Се чини дека оваа дефиниција ги опфаќа трите карактеристики: целта – да се запре агресијата, потпирањето на правни норми за да се утврди значењето на тој термин и соодветниот одговор и давање предност на колективната акција наместо самостојна.

Концептот на колективната безбедност (collective security) се заснова врз проширениот традиционален концепт за национална безбедност и врз извесните меѓународни договори: безбедноста на земјите договорнички чии традиционални вредности се неприкосновени се унапредува со мирно решавање на спорови, колективен (наддржавен) одговор на воени напади на одделни земји членки врз другите, така што земјата агресор ја заплашуваат, а земјата жртва ја бранат, како и со колективен одговор на другите безбедносни проблеми кои членките не можат сами да ги решат. Тој се заснова врз принципот на уредено, институционализирано реагирање на „сите против едниот“, со што се обезбедува поголемо ниво на мир и стабилност отколку нерегулирано балансирање на моќта засновано врз гледиштето „секој за себе“. Државите се расположени да се потчинат на определените норми и правила за

однесување заради одржување на меѓународниот мир и стабилност и за да се, кога тоа е неопходно, здружат за да ја запрат агресијата. (Ѓуровски, 2021)

Фундаменталната разлика помеѓу системот на колективна безбедност и воени сојузи, е тоа што колективната безбедност е глобално ориентирана кон одвраќање на државите од агресија и кршење на меѓународното право, додека воените сојузи се насочени против надворешна воена закана.

Договорите за колективна безбедност можат да заземат неколку различни форми, вклучително и регионални организации и глобални институции. Еден од најпознатите примери на систем на колективна безбедност е и Организацијата на обединети нации (ООН) која е основана после Втората светска војна со цел за промовирање на меѓународна соработка и превенција на војната во иднина. Обединетите нации имаат бројни механизми за промовирање на колективната безбедност, во кои е и Советот за безбедност како најзначајно водечко тело. Советот за безбедност е одговорен за одржување на меѓународниот мир и безбедност, како и за мировни операции распоредени на конфликтни подрачја низ светот. Во рамки на Организацијата на Обединетите нации функционираат бројни специјализирани агенции и програми кои се фокусираат на проблеми како: разоружување, неширење на нуклеарно оружје и превенција на конфликти. Колективната безбедност се гледа како потенцијална алтернативна на традиционалниот систем на балансирање на моќта каде државите се потпираат единствено на своите воени способности да ги одвратат своите непријатели. Како и да е, имплементацијата на колективните безбедносни договори може да биде тешка. Честопати овие договори се предмет на предизвици поради потребата да се балансираат интересите на различни држави, а воедно секогаш постои и тешкотијата да се постигне консензус за комплексни проблеми.

Генерално, низ литературата се диференцираат неколку типови на колективни безбедносни договори:

- Мултилатерални безбедносни договори: ова се колективни безбедносни договори/пактови каде се инволвирани повеќе држави со цел да се превенираат и спречат безбедносни закани. Вакви примери се Обединетите нации (ОН) и регионални организации како Северноатлантската алијанса (НАТО).

- Билатерални безбедносни договори: претставуваат колективни безбедносни договори кои вклучуваат две држави кои заеднички превенираат и спречуваат безбедносни закани. Билатералните безбедносни договори можат да бидат формални или неформални и да бидат базирани на специфичен пакт или договор.

- Колективна самоодбрана: ова се тип на колективни безбедносни договори каде државите се согласуваат да се бранат меѓусебно ако се нападнати од трети држави. Колективната самоодбрана најчесто е базирана на специфичен пакт или договор и претставува основниот клучен принцип на Повелбата на ОН.

- Договори за меѓусебна одбрана: слично како и претходниот, во овој тип на договор државите се согласуваат да се бранат меѓусебно ако се нападнати од трета држава. Овде се мисли на билатерални договори, кои што може да вклучуваат распоредување на воени сили или други форми на поддршка. (Kootneeti, 2022)

Универзалниот систем на колективна безбедност, основан од Повелбата на Обединетите нации е единствен феномен на развивање на меѓународните односи после Втората светска војна. Системот на колективна безбедност ги поставува не само нормативните, туку и политичките и воените предуслови за ОН во сегашни услови да можат да спречат закани, акти на агресија и други акти на нарушување на мирот. Овој посебен аспект на системот за колективна безбедност во рамките на ОН стана особено евидентен по Студената војна, кога наместо идеолошка конфронтација, соработката меѓу државите почна да се развива не само за прашањата на колективната безбедност на глобално ниво, туку и за проблемите на економскиот и социјален развој, животната средина, борбата против сиромаштијата и неразвиеноста кои бараат колективни напори на меѓународната заедница. Организацијата обезбедува платформа за дипломатски контакти, меѓународни дискусии, состаноци и конференции. Преку нејзината работа, ОН

ги обезбедува потребните услови за мирно решавање на конфликти. Главната задача е да промовира мир преку сите нејзини активности, вложувајќи напори за заштита на човековите права и преземање превентивни дипломатски мерки за превенција на конфликти. Меѓу другото, ОН може да обезбедува помош при избори и ја поддржува демократизацијата, промовира економски и социјален развој, обезбедува хуманитарна поддршка, работи на репатријација на бегалци, помага при обновувањето на јавната инфраструктура и го олеснува процесот на реконструкција. (United Nations Regional Centre for Preventive Diplomacy for Central Asia, 2020)

Постојат различни типови на мировни операции кои што можат да бидат спроведени од Обединетите нации. Мировните операции се традиционални мировни операции преземени со согласност од државата во која се интервенира. ОН мора да остане неутрален актер и не смее да зазема страна. Постојат и операции за одржување на мирот, кои се различни од традиционалните мировни операции. Со цел да се врати мирот и безбедноста во конфликтно подрачје, ОН треба активно и целосно да се вклучи во интервенциите.

Сепак, функционирањето на системот на Обединетите нации за зачувување и обновување на светскиот мир не покажало огромен успех во најширока стратешка смисла, според Малком Шо системот претставува само додатен фактор во справувањето со меѓународни спорови и тоа фактор што е постојано предмет на политички притисоци. Од својот почеток Обединетите нации имаат минимална улога во некои од големите конфликти и спорови, независно дали се работи за Кубанската криза со проектили од 1962 година или за Виетнамската војна, за советската интервенција во Чехословачка и Авганистан или за Нигериската и Анголската граѓанска војна. (Шо, 2009)

Во денешни услови, дискутабилна и досега не многу значајна е улогата на Обединетите нации во руската инвазија на Украина од 24-ти февруари 2022, како и новиот конфликт во Газа помеѓу Израел и палестинската милитантна група Хамас, чии околности се разгледани подолу во трудот.

## 1. Совет за безбедност и неговата улога во меѓународните односи

Кога се дискутира за Обединетите нации и нивната улога во зачувување и одржување на светскиот мир, круцијално е да се потенцира улогата на Советот за безбедност. Имено, со членот 24 од Повелбата на ОН, членовите ја префрлаат одговорноста за одржување на меѓународниот мир врз Советот за безбедност и со членот 25 се согласиле да ги прифатат и спроведат одлуките на Советот за безбедност. Всушност, со Повелбата се доверува на Советот за безбедност како примарна обврска она што е генерална цел на постоењето на Обединетите нации. Намерата од почетокот била Советот за безбедност да функционира како ефикасен извршен орган со ограничено членство во постојано заседание. Како што е добро познато, Советот се состои од 15 земји членки, од кои 5 се постојани (САД, Обединетото Кралство, Русија, Кина и Франција). Овие земји имаат право на вето. Непостојаните членки се бираат со мандат од 2 години. Во однос на донесување на одлуки, според членот 27 од Повелбата, за сите освен за процедурални прашања, одлуките на Советот мора да се донесуваат со потврден одговор на 9 земји членки, вклучително и согласните гласови на постојаните членки. Негативен глас од која било постојана земја членка е доволен за ставање вето врз која било резолуција на Советот, освен во однос на процедуралните прашања.

Идејата за ветото на Советот за безбедност на ОН е иницирано во конференциите во Јалта и Дамбартон Оукс, како одраз на барањето на Советскиот Сојуз за механизми за противтежа на западната доминација во Советот и Генералното собрание. (Meisler, 1995) Од досегашната пракса можат да се нотираат два заклучока: иако Русија го има најмногу искористено правото на вето, сепак во последните години и САД многу почесто го користи ветото. Според податоците достапни од официјалната датотека на Обединетите нации, од 1946 година СССР или Русија го има искористено

правото на вето 124 пати, Соединетите Американски Држави 90 пати, Обединетото Кралство 29 пати, Кина 18 пати и Франција 16 пати. (United Nations, 2023)

Постојат неколку спорни сегменти од користењето на ветото. Првенствено, прашањето на разграничувањето на процедуралните од непроцедуралните прашања е многу спорно. Во исказот на покровителските сили во Сан Франциско било објавено дека прашањето дали едно прашање е процедурално или не, само за себе било подложно на вето. (United Nations General Assembly, 1995) Ова двојно вето формира огромна правно лимитирачка бариера. Во иднина, во пракса се дозволува постојаните земји членки да можат да бидат воздржани во однос на резолуција на Советот за безбедност без да се смета дека го употребиле своето право за вето против резолуцијата.

Како работи Советот? Кога Советот смета дека постои закана за меѓународниот мир, прва цел е да се пронајдат начини спорот да се реши мирно. Може да сугерира принципи на засегнатите страни за мировен договор, да назначи специјални претставници, да побара ангажман од Генералниот секретар, да преземе чекори како медијација. Советот ја има развиено употребата на невоени мерки, како што се ембарго за оружје, забрани за патувања, рестрикции за користење и експлоатација на природните ресурси за поттикнување конфликти, воедно и преземање на главната улога во напорите за спречување на меѓународниот тероризам. Во случај доколку спорот кулминира во вооружен конфликт, Советот се обидува да обезбеди прекин на огнот. Може да испрати мировни мисии кои ќе им помогнат на страните да го одржат примирјето и да ги разделат спротивставените страни. Во одредени случаи, Советот може да авторизира употреба на воена сила од страна на повеќе земји членки или од регионална организација или договор. Ова треба да биде спроведено како последно средство и кога сите други возможни мировни начини и средства се исцрпени. Доколку се востанови дека постои закана за мирот, прекин на мирот или се случува акт на агресија, тогаш Советот може да одобри употреба на воена сила. (United Nations, 2023)

Со цел да ги оствари функциите и овластувањата што му се дадени според рамката на Повелбата на ОН, Советот за безбедност може да донесе „одлуки". Во контекст на Повелбата, терминот „одлука" има двојно значење. Се користи или за да се означи моќта на Советот да „одлучува", имено да усвојува обврзувачки мерки за земјите членки на ООН, или како општ термин што ги опфаќа сите акти на Советот за безбедност.

Форматот на акт како „резолуција" на Советот не е предвиден во Повелбата на ОН, каде што во текстот се употребува само широкиот поим „одлука". Наместо тоа, форматот на „резолуција" се развива во практиката на Советот неколку години по стапувањето во сила на Повелбата на ОН. Резолуциите во денешно време се најчестиот формат за актите на Советот за безбедност. Тие се обичниот инструмент што го користи Советот за донесување суштински одлуки.

Одлуките на Советот за безбедност на ОН треба да се разликуваат и врз основа на правни ефекти кои ги предизвикуваат. Очигледно е дека можат да се идентификуваат различни начини на кои Советот комуницира со земјите членки на ОН и другите актери преку неговите оперативни акти, менувајќи ја нивната правна положба според меѓународното право. Од една страна, одлуките на Советот за безбедност произведуваат обврзувачки ефекти. Кога ќе се утврди дека резолуцијата на Советот е обврзувачка, земјите членки мора да ги прифатат и да ги спроведат одлуките содржани во неа, во согласност со претходно споменатиот член 25 од Повелбата. Во таа насока, обврзувачката одлука ја менува правната положба на субјектите кои се предмет со тоа што создава нова обврска, која може да биде позитивна (да направат нешто) или негативна (да се воздржат од правење). Таквата обврска ќе преовладува над друга противречна обврска која може да има и меѓународен карактер а да доаѓа од друг договор, според комбинираната моќ која доаѓа од членот 25 и членот 103 од Повелбата. За разлика од други меѓународни договори, обврските кои произлегуваат од резолуцијата на Советот за безбедност можат да бидат обврзувачки за сите земји

членки, „без разлика дали тие имале некаква улога во нивното формулирање“. Втора категорија на ефекти што може да се прикачат на одлуката на Советот за безбедност се овластувачки ефекти. Конкретно, во контекст на користење на сила, Советот има развиена пракса каде ги овластува државите да користат сила за да спречат (или да спречат) акт која претставува „закана за меѓународниот мир и безбедност“ во согласност со членот 39 од Повелбата на ОН. Во такви случаи, ефектот на овластувањето врз правната положба на засегнатите држави е дека, од една страна, одлуката само дозволува одредени однесувања на државите, но не го прави таквото однесување задолжително, а од друга страна, го елиминира моментот на „погрешност“ што инаку би се окарактеризирал во тие однесувања. (Di Gianfranceso, 2022)

Дополнително, врз основа на текстот на Повелбата, освен преку обврзувачки одлуки, Советот за безбедност може да се произнесува преку препораки. Од горенаведеното е очигледно дека толкувањето е релевантно за сите одлуки на Советот, без разлика дали се тоа препораки, овластувања или обврзувачки одлуки, бидејќи некои правни ефекти може да бидат производ на сите нив.

Со цел да се сноси одговорност на завојуваните страни за нивните воени активности, Советот има воспоставени меѓународни трибунали за кривично гонење на обвинети за тешки прекршувања на човековите права и сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право, вклучувајќи геноцид. Според членот 41 од Повелбата на Обединетите нации, Советот за безбедност има овластување да користи различни мерки за да ги спроведе своите одлуки. Советот редовно создава помошни органи за да ги поддржи или да ги имплементира тие мерки. Тука би ги споенале и трите трибунали:

-Меѓународен трибунал за гонење на лица одговорни за геноцид и други сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на Руанда и Граѓани на Руанда одговорни за геноцид и други такви прекршувања извршени на територијата на соседните држави, помеѓу 1 јануари 1994 и 1994 г. (ICTR).

- Меѓународен трибунал за гонење на лица одговорни за сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (ICTY).

- Меѓународен резидуален механизам за кривични трибунали (кој има два ограноци за двата трибунали и е создаден да ја заврши работата отпочната со нив).

Сите постоечки комитети и работни групи во рамки на Советот за безбедност се составени од 15 членови на Советот. Додека со постојаните комисии претседава претседателот на Советот со ротација на месечно ниво, со други комисии и работни групи претседаваат или копретседаваат назначени членови на Советот кои се објавуваат на годишно ниво со Нота на претседателот на Советот за безбедност. Мандатот на помошните органи, без разлика дали се комисии или работни групи, може да се движи од процедурални прашања (на пр. документација и процедури, состаноци надвор од седиштето) до суштински прашања (на пр. режими на санкции, антитероризам, мировни операции).

Денес, во рамки на Советот за безбедност функционираат следните комитети:

- Комитет за борба против тероризам
- Комитет за разоружување
- Комитет за воен персонал
- Комитети за санкции.

Постојани комисии и ад хок тела:

- Комисија на Обединети нации за компензација
- Работна група основана врз основа на 1566 (2004) резолуција
- Работна група за операции за зачувување на мирот
- Работна група за деца и вооружени конфликти
- Ад хок работна група на превенција на конфликти и резолуција за Африка

- Работна група за документација и други процедурални прашања (United Nations Security Council, 2023).

**2. Преглед на интервенции на Советот за безбедност со мерки од Поглавје VII**

Советот за безбедност на Обединетите нации игра клучна улога во одржувањето на глобалниот мир и безбедност. Интервенциите сѐ повеќеслојни и адресираат широк спектар на конфликти и светски кризи. Постојат неколку типови на интервенции кои се користени од Советот:

- Мировни операции

Ваквите операции се едни од основните алатки користени од Советот за да се одржи мирот и безбедноста во конфликтно подрачје. Овие операции значат да се распоредат одредени сили на ОН во конфликтните зони со согласност од страните кои се засегнати. Клучни карактеристики на мировните операции вклучуваат:

1. Неутралност: припадниците на силите на ОН мора да останат непристрасни и да се воздржат од заземање на страна во конфликтот;
2. Мониторинг и набљудување: тие мора да набљудуваат и да известуваат за договорите за прекинување на огнот, како и за демилитаризација;
3. Заштита на цивили: нивната заштита е фундаменталната цел и аспект на мировната мисија;
4. Пост-конфликтни мисии за реконструкција: сили на ОН се вклучени во активности за одново градење на институциите и инфраструктурата после конфликт.

- Операции со употреба на воена сила

Во случаи каде мировните резолуции не даваат одговор, Советот за безбедност може да одобри мерки за воспоставување на мир. Овие операции вклучуваат употреба на сила за враќање или одржување на меѓународниот мир и безбедност. Клучни карактеристики на овој вид на операции вклучуваат овластување за употреба на сила каде Советот мора да донесе резолуција со која експлицитно одобрува употреба на сила. Дополнително, воени коалиции или сили на ОН можат да бидат распоредени за борба против агресорите и за спроведување на усогласеноста со одлуките на Советот за безбедност на ОН. Воспоставувањето на мирот во овој случај може да вклучи и заштита на цивилите од масовни злосторства кога владата не е во можност или не сака да го стори тоа.

- Санкции

Санкциите се невоени мерки што ги користи Советот за безбедност на ОН за да влијае на однесувањето на државите или ентитетите. Тие можат да имаат различни форми, вклучувајќи:

а. Економски санкции

Тие се насочени кон економијата на една држава со ограничување на трговијата, замрзнување средства или наметнување финансиски казни.

б. Ембарго за оружје

Забрана за продажба или пренос на оружје на страните во конфликт.

в. Забрани за патување

Спречување на движење на поединци поврзани со конфликт.

г. Дипломатски мерки

Намалување на дипломатските врски или наметнување политичка изолација.

До ден денес, Советот има наметнато вкупно 31 режими со санкции: Родезија, Јужна Африка, поранешна Југославија (2), Хаити (2), Ангола, Либерија (3), Еритреја/Етиопија, Руанда, Сиера Леоне, Брегот на Слоновата Коска, Иран, Сомалија/Еритреја, ИСИЛ (Даеш) и Алкаеда, Ирак (2) Демократска Република Конго, Судан, Либан, Северна Кореја, Либија (2), Талибан, Гвинеја-Бисао, Централната Африканска Република, Јемен, Јужен Судан и Мали. (United Nations, 2023)

Со Повелбата на Обединетите нации, на Советот за безбедност се даваат многу значајни овластувања со мерките од Поглавјето VII. Кога Советот ќе утврди дека одреден спор или ситуација претставува закана за мирот или чин на агресија, можат да бидат преземени понатамошни мерки. Според членот 40 од Повелбата, се овластува Советот за користење на привремени дејствија и мерки, меѓу кои и повикување на страните за прекин на огнот, како и други привремени мерки кои се со намера за стабилизирање на ситуацијата. Според истиот член, Советот треба соодветно да ја земе предвид неусогласеноста со таквите мерки од страна на засегнатите страни.

Членот 41 од Повелбата на ОН го овластува Советот за безбедност да може „...да одлучи кои мерки, без употреба на воена сила, можат да се употребат за да се спроведат неговите одлуки, и може да ги повика членовите на Обединетите нации да ги имплементираат тие мерки. Тие можат да вклучуваат целосен или делумен прекин на економските односи и на железничка, морска, воздушна, поштенска, телеграфска, радио и други видови на комуникација, како и дипломатските релации.“ Санкциите кои се наметнати од ОН всушност црпат правна сила од овој член, иако во него не се експлицитно спомнати. Наместо тоа, членот 41 му дава превентивна моќ која што може да биде користена каде што е погодна за да се зачува меѓународниот мир и безбедност. Односно, Советот за безбедност треба да дејствува тогаш кога постои реална закана за нарушување на меѓународниот мир и безбедност. Моќта на Советот е во голема мера дискрециона, демонстративно покажана со употреба на зборот „може“, и со овој член се проширува на избор од невоени мерки. Советот го има користено овој член доста креативно во минатото, како на пример формирањето на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (ICTY) и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда (ICTR) во рамки на овој член, како и воспоставување преодна администрација во Косово и Источен Тимор и изготвување на план пост-интервенција во Ирак. (Boon, 2014)

„Доколку Советот смета дека мерките предвидени во членот 41 се несоодветни или се покажале како несоодветни, тој може да преземе такви дејствија од воздушни, морски или копнени сили, што се потребни за одржување или обновување на меѓународниот мир и безбедност. Таквата акција може да вклучува демонстрации, блокада и други операции со воздушни, морски или копнени сили на членките на Обединетите нации“ – член 42 од Повелбата на ОН, со кој на Советот се дава овластувањето да преземе дејство, доколку мерките од членот 41 се покажат како неефикасни.

Дополнително, во Повелбата, е регулирана обврската на државите членки да му стават на Советот за безбедност на располагање соодветни воени контингенти и да му обезбедат неопходна логистичка поддршка. (Фрчковски, Тупурковски, & Ортаковски, 1995)

Во следниот дел од трудот се анализирани некои од интервенциите и санкциите наметнати од страна на Советот за безбедност.

Прва значајна интервенција и пример на напорите од Обединетите нации за одржување на мирот и безбедноста, како и мировна транзиција на демократско општество е интервенцијата на Советот на безбедност во ***Родезија*** (сегашен Зимбабве). Кризата во Родезија е всушност политичка борба за независност која се одвивала од 1960-та до доцни 1970-ти. Конфликтот е поради донесување на унилатерална декларација за независност од страна на владата на белото малцинство на таа територија во 1965-тата година. Советот со две резолуции истата година, побарува од земјите членки да не го признаваат и да не му помагаат на нелегалниот режим и да ги прекинат сите економски и воени односи со истиот. Следната година, Советот наметнал селективни задолжителни економски санкции кон Родезија. Санкциите биле прекинати во 1979-та година како резултат на договорот кој донел независност на Зимбабве. (Шо, 2009) Оваа интервенција и наметнати санкции врз Родезија, иако не донеле консензус кај сите држави да дејствуваат соодветно во согласност со овие резолуции, го покажува

потенцијалот на меѓународната дипломатија и мултилатералните напори во мирното решавање на конфликти и мирни транзиции во демократско општество.

Како сеопфатни економски санкции наметнати од Советот на безбедност се оние усвоени во врска со инвазијата врз Кувајт од страна на ***Ирак*** на 2 август 1990-та. (Шо, 2009) Во август 1990, како реакција, Советот за безбедност ја усвојува резолуцијата 661 со која се поставуваат сеопфатни санкции против Ирак, вклучувајќи: ембарго за оружје, забрана за увоз и извоз од Ирак (во Ирак и окупираниот Кувајт) и трансфер на средства кон Ирак и Кувајт за такви цели. (United Nations, 2023) Понатаму, Советот за безбедност формирал и комисија од сите земји членки на Советот за да ја контролираат имплементацијата на сите овие мерки. Подоцна е донесена уште една резолуција 670 со која било одлучено дека сите држави, независно од постоењето на какви било договори или дозволи, не смеат да дадат дозвола на никаков воздухоплов да полета од нивна територија доколку носи товар за или од Ирак и Кувајт, како и дозвола за користење на воздушен простор од страна на кој било воздухоплов чија дестинација е Ирак или Кувајт.

Советот два пати има поставено санкции врз ***Либија***, еднаш во 1992 и во 2011 година. Санкциите во 1992 се релативно строг сет на санкции поради нејзино одбивање да се одрече од тероризмот и целосно и ефективно да одговори на повикот од страна на Резолуцијата 731 на Советот за безбедност да ги екстрадира осомничените бомбаши во Обединетото Кралство или во САД. Санкциите вклучуваат ембарго на оружје, како и воздушно ембарго врз Либија. Од државите било побарано значително да го намалат бројот и степенот на персонал во дипломатски мисии во Либија и дипломатски седишта. (Шо, 2009) Во февруари 2011, осудувајќи ги насилството и користењето сила врз цивили и мирни демонстрации, Советот за безбедност воспоставува серија на мерки, во кои и ембарго за оружје, замрзнување на имот и забрана за патување со цел да се превенира идно ескалирање на ситуацијата. (United Nations, 2023) Иако дел од мерките понатаму се олеснети или целосно отстранети согласно со напредувањето на Либија, во 2014 Советот за безбедност донесува нова резолуција и одобрува нови санкции поради незаконскиот извоз на сурова нафта. Дополнителните мерки се насочени кон спречување на таквиот извоз.

Широк опсег на санкции е наметнат во 1992 и врз ***Сојузна Република Југославија*** (Србија и Црна Гора) – се наметнува ембарго за оружје врз сите држави на територијата на поранешна Југославија со резолуција 713 (1991 година). Резолуцијата забранувала увоз на стоки од СР Југославија, извоз или транспорт на стоки од страна на државите или нивните државјани, продажба или снабдување на какви било погодности или продукти на лица или органи на СР Југославија на кое било лице и за цели на каков било бизнис. Резолуцијата забранува овозможување фондови, или какви било финансиски или економски средства на властите на СР Југославија, или на какви било трговски, индустриски или јавни институции кои функционираат таму. (Шо, 2009) Освен овие санкции, за СР Југославија била донесена одлука да се постават мировни сили (силите за заштита при ОН или УНПРОФОР) за да се осигура демилитаризација на трите заштитени области во Хрватска, населени со Срби. Интересно е што оваа резолуција не се повикува на Поглавје VII, туку конкретно ја истакнува молбата на владата на СР Југославија. Подоцна, хуманитарна помош е обезбедена со Резолуцијата 770 (1992) повикувајќи ги сите држави национално или преку регионални агенции да ги преземат сите неопходни мерки за да ја потпомогнат испораката на хуманитарна помош во Босна. Мировните мисии на ОН во поранешна Југославија биле реорганизирани во 1995 како последица на окупирање на три од четири заштитени области во Хрватска населени со Срби, од страна на хрватските сили. Оттаму, мисијата на ОН се состоела од УНПРОФОР во Босна, мисија за враќање на довербата при ОН во Хрватска (УНЦРО) и сили за превентивно испраќање при ОН во ПЈР Македонија. (Шо, 2009) Улогата на ОН во случајот со поранешна Југославија е доста дискутабилна. УНПРОФОР никогаш децидно не бил овластен да употребува сила освен на барање за самоодбрана за време на извршување на обврските.

Санкциите наметнати на ***Сомалија*** се едни од најстарите санкции кои што уште се дел од режимите на санкции на ОН, а датираат од 1992. (United Nations, 2023) Ситуацијата во Сомалија била пролонгирана граѓанска војна каде ОН со резолуцијата 733 (1992) наметнува ембарго за оружје. Воедно, од Генералниот секретар се бара организирање на хуманитарна помош. Слично како и во поранешна Југославија, ОН испраќа мировна мисија УНОСОМ од 50 набљудувачи, која подоцна се покажала недоволна, па повторно било одобрено испраќање на дополнителни единици. Подоцна, Генералниот секретар заклучува дека има потреба од дејство на мерките од Поглавје VII, при што Советот за безбедност утврдил дека влошувањето на ситуацијата и размерот на човечката трагедија, како и постојаните пречки за доставување на хуманитарната помош претставуваат закана за меѓународниот мир и безбедност и потребно е да се употребат сите неопходни средства за да се создаде безбедна средина за мисиите на хуманитарната помош. Со ова била формирана специјалната единица УНИТАФ. Подоцна се формира и УНОСОМ II. Во февруари 2007, Советот согласно Поглавје VII авторизира основање на Мисија на Африканската Унија во Сомалија (АМИСОМ), регионална мисија за одржување на мирот, со екстензија до март 2022. (United Nations, 2023) Во моментот, режимот за санкции во Сомалија се состои од ембарго за оружје, замрзнување на имот, забрана за патување, забрана за јаглен и забрана за ИЕД (импровизирани експлозивни направи).

Доста интересен случај е случајот со ***Северна Кореја*** каде од Советот за безбедност има 21 различни видови на мерки на санкции како одговор на нуклеарните тестови и лансирања кои користат технологија за балистички проектили. Советот има усвоено 10 резолуции: 1718 (2006), 1874 (2009), 2087 (2013), 2094 (2013), 2270 (2016), 2321 (2016), 2356 (2017), 2371 (2017), 2375 (2017) и 2397 (2017), со кои наметнува или зајакнува мерки врз Северна Кореја. (United Nations, 2023) Со овие резолуции се наметнуваат широк спектар од санкции, вклучително ембарго на оружје и поврзани материјали, ембарго за нуклеарна програма, за балистички ракети и за други програми за оружје за масовно уништување. Понатаму, секторски санкции кои забрануваат: јаглен, минерали, гориво, храна и земјоделски производи, земја, камен, дрво, индустриски машини, транспортни возила, морска храна, текстил и луксузни стоки; се забранува, ограничува и се поставуваат ограничувања на пристапот на Северна Кореја до енергетските извори како што се: сурова нафта и рафинирани нафтени производи. Дополнително, поставени се и финансиски санкции, мерки поврзани со забрана на транспорт; забрана за патување и/или замрзнување на имот на одредени поединци и ентитети; забрана за обезбедување работни овластувања за државјани на Северна Кореја и барање за репатријација на државјани на Северна Кореја кои заработуваат приход; забрана за набавка, продажба или пренос на нови хеликоптери и нови и користени пловни објекти, како и забрана за набавка на статуи од Северна Кореја. Крајно, наметнати се санкции насочени кон мрежите за ширење на оружје. (United Nations, 2023)

Нуклеарните вежби на Северна Кореја, во голема мера, се сметаат за провокација кон меѓународната заедница, сериозна закана по безбедноста на соседите, како и сериозна закана за меѓународниот мир и безбедност. Со широкиот спектар на мерки низ резолуциите кои се главно од економска природа, Советот постојано се обидува да ги покаже заедничките напори на сите држави во врска со флагрантното кршење на меѓународното право од страна на Северна Кореја.

За соодветно да се адресира специфичната ситуација, различни мерки се преземени од страна на Советот за безбедност во случајот со ***Демократска Република Конго***. Граѓанската војна во Конго помеѓу Патриотската армија на Руанда и Хуту милициите кои се населени во бегалските кампови во Источен Заир се случува во период од 1996-1997. Втората војна во Конго почнува во 1998 и доведува до Договорот од Лусака за прекин на огнот (Шо, 2009) Советот за безбедност испраќа мала воена сојузничка сила на ОН – се именува како МОНУЦ. Мисијата подоцна била проширена и продолжена со наредба меѓу другото да вклучи мониторинг на прекинот на огнот и да

ги надгледува и верификува договорите за повлекување. (Шо, 2009) Повикувајќи се на Поглавје VII, во следниот период Советот преку повеќе резолуции одлучува дека МОНУЦ „може да ги преземе неопходните мерки... да ги заштити Обединетите нации и нивниот персонал“. Кога избувнала борба помеѓу силите на Уганда и Руанда во Конго, Советот за безбедност дејствувал повторно во согласност со Поглавје VII и побарал повлекување од Уганда и Руанда и повлекување на сето друго странско воено присуство и прекинување на активности. Со две резолуции подоцна, МОНУЦ бил овластен да им помага на властите во организирање, подготвување и спроведување на локалните избори. Дополнително Советот за безбедност побарал од воените групи и милицијата од источниот дел на државата да го предадат оружјето на државните власти на Конго и на МОНУЦ кои биле задолжени за разоружување, демобилизација, враќање на раселени лица, повторно населување и реинтеграција. Во донесените резолуции, ситуацијата била опишана како „закана за меѓународниот мир и безбедност во регионот“.

Кратко ќе ја разгледаме и улогата на Советот во случајот со ***руската инвазија на Украина*** и ***конфликтот помеѓу Израел и Палестина***, кои, меѓу другото сè уште траат.

Иако дебатите на петнаесетте членови на Советот за безбедност чија примарна задача е да го зачуваат меѓународниот мир и безбедност, се секогаш многу жестоки и долги (во врска со руската инвазија врз Украина), сепак многу малку е постигнато, поради јасната причина и овластување на Русија како постојана членка да стави вето на секоја предложена резолуција која не е во согласност со нивната воена политика. До овој момент, Русија го има употребено правото поврзано со конфликтот со Украина на две нацрт резолуции: едната поднесена на 25 февруари од страна на 83 членки на ОН (United Nations Security Council, 2022), втората на 30 септември 2022, поднесена од Албанија и САД со цел за прекин на сите воени дејствија на Русија во Украина. Руската инвазија беше жестоко осудувана и од страна на Европската Унија која наметна сериозни сетови од санкции кон Русија. Од страна на Кина и Индија во рамки на ОН се наметнуваат само повици за преговори и дијалог, без конкретно осудување на руските воени активности. Практично, со сегашната поставеност и функционирање на Советот за безбедност, тој има парализирана улога во рамки на овој конфликт поради правото на Русија да стави вето на која било резолуција која што ќе биде поднесена. Оваа ситуација уште посилно ги наметна сомненијата и дилемите за ефективноста и оправданоста на постоењето на Советот за безбедност и Обединетите нации како организација.

Во однос на вториот случај, нападот од Хамас врз Израел што се случи на 7 октомври 2023, во кој тие користеле најмалку 2200 ракети од Појасот Газа насочени кон Израел, со истовремено навлегување на околу 1000 борци во Израел, користејќи камиони, теренци, мотоцикли, булдожери, чамци и параглајдери. (Uras, Gadzo, Humaid, Shankar, Stepansky, & Siddiqui, 2023) Откако Израел прогласува воена состојба, жестоко возвраќа, при што Појасот Газа е под константни бомбардирања. До овој момент, Обединетите нации проценуваат за повеќе од 42718 жртви. (UN Office for the Coordination of Humanitarian Affairs) (Al-Mughrabi, 2023) Повиците од Обединетите нации како и од Генералниот секретар на ОН за прекин на огнот и хуманитарни паузи беа целосно игнорирани од страна на Израел. Во Советот за безбедност досега се поднесени шест нацрт резолуции поврзани со последниот конфликт, кои наидоа на вето: четири пати правото на вето го користи САД, два пати Русија и Кина заедно.

За појасна слика, во првата резолуција, меѓу другите работи, се осудува терористичкиот напад на Хамас, се бара ослободување на сите Израелци заложници заробени од Хамас, се бара хуманитарни паузи со цел да се достави потребна хуманитарна помош, како и барање сите страни да ги почитуваат нивните обврски под меѓународното право, меѓународно право за право на човекот и меѓународно хуманитарно право. Оваа резолуција доби 12 гласа за, Русија и Обединетото Кралство останаа воздржани и еден против – САД, со што првиот обид за интервенција на Советот за безбедност беше неуспешен. Објаснувањето на амбасадорот на САД за

користење на ветото е дека нацрт резолуцијата не го спомнува децидно правото на Израел на самоодбрана.

Втората резолуција која ја поднесува САД неколку денови подоцна, го препознава правото на државите на самоодбрана и ги поддржува сите неопходни мерки, како и хуманитарни паузи за да се дозволи помош да влезе во Газа. Во резолуцијата меѓу другото се реафирмира ставот дека тероризмот е една од најсериозните закани за меѓународниот мир и безбедност, а се потенцира дека Хамас е терористичка организација признаена како таква од повеќе држави членки. Со резолуцијата се бара од сите страни целосно да го почитуваат меѓународното право, меѓународно право за права на човекот и меѓународното хуманитарно право и да се однесуваат во согласност со нивните обврски кои произлегуваат. Резолуцијата е блокирана од страна на Русија и Кина, со објаснување дека ќе ја влоши ситуацијата и дека е наменета да се зајакне политиката на САД за Блискиот Исток, повеќе отколку да ги спаси животите на луѓето засегнати од конфликтот.

**Заклучок**

Идејата за системот за колективна безбедност на Обединетите нации било создавање на систем кој ќе го одржува меѓународниот мир и безбедност, ќе биде јасен во своите одредби и ќе има универзална примена. ОН од своето формирање успеале да спроведат различни дејства за воспоставување и одржување на мирот и безбедноста низ сите региони во светот. Сепак, не биле во можност да го спроведат поглавјето VII како што првично било замислено и се појавиле многу непредвидливи ситуации во кои било тешко да се дојде до компромис помеѓу државите членки, особено во рамки на Советот за безбедност, кој бил замислен како извршно тело на Обединетите нации. Примарната надлежност на Советот се гледа во неговото право и истовремено обврска да утврди кога станува збор за загрозување на мирот, негово кршење или кога станува збор за акт или акти на агресија. Од тука, Советот треба да одлучи кога и какви мерки ќе преземе за повторно воспоставување и одржување на меѓународниот мир и безбедноста во меѓународната заедница. Функционирањето на Советот за безбедност честопати било исполнето со многу предизвици во донесувањето на одлуки. Со широк дијапазон на интервенции од различна природа, Советот за безбедност низ историјата ги употребувал своите овластувања од Повелбата на ОН. Интервенциите на Советот за безбедност се витална компонента на меѓународните напори за одржување на глобалниот мир и безбедност. Како и да е, денес повеќе од кога било ОН се соочуваат со низа на предизвици, вклучително и потребата да се реформира и да се адаптира на новиот светски поредок, а со тоа и Советот за безбедност. Парализата на Советот која се создава од вето на постојаните членки, дополнително се влошува со продлабочувањето на геополитичкото ривалство помеѓу западните земји и Русија и Кина. Во денешни околности, постојат многу критики за неговата улога, особено во склоп на последните конфликти кон кои е свртено вниманието на јавноста, руската инвазија на Украина и конфликтот во Газа помеѓу Хамас и Израел. За сè поголем дел од светските влади и граѓани, Советот денес е неправеден и неговата улога е бесмислена, се смета дека во него доминираат сили кои се склони да ја злоупотребуваат нивната позиција наместо да го чуваат мирот. За жал, членките на ОН се поделени во ставовите околу тоа дали и колкава реформа е потребна, дали треба да се фокусира на подобрување на неговата работа или подобрување на неговата репрезентативност.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Al-Mughrabi, N. (2023, November 6). *Reuters.* Retrieved November 2023, from Gaza death toll tops 10,000; UN calls it a children's graveyard: https://www.reuters.com/world/middle-east/pressure-israel-over-civilians-steps-up-

ceasefire-calls-rebuffed-2023-11-06/#:~:text=The%20health%20ministry%20in%20the,every%20day%2C%22%20Guterres%20said

Boon, K. E. (2014). *Terminating Security Council Sanctions.* International Peace Institute.

Claude Jr., I. L. (1992). *Collective security in Europe and Asia.* Carlisle: Strategic Studies Institute.

Di Gianfranceso, L. (2022). *The interpretation of UN Security Council resolutions (Doctoral thesis).* Rome: Roma TRE Universita degli Studi, Dipartimento di Giurisprudenza.

Kootneeti. (2022). *Sustainable development goals.* Retrieved October 2023, from What is collective security in International Relations?: https://thekootneeti.in/2022/09/14/what-is-collective-security-in-international-relations/?pdf=37724

Kupchan, C. A., & Kupchan, C. A. (1995). The promise of collective security. *International security Vol.20*, pp. 52-61.

Roberts, A., & Kingsbury, B. (1994). The UN's Roles in International Relations. In *United Nations, Divided World* (p. 30). Oxford: Clarendon Press.

UN Office for the Coordination of Humanitarian Affairs. (n.d.). *Reported impact snapshot | Gaza Strip (22 October 2024).* Retrieved October 2024, from https://www.ochaopt.org/content/reported-impact-snapshot-gaza-strip-22-october-2024

United Nations. (2023, September 7). *Subsidiary organs of the United Nations Security Council*. Retrieved November 2023, from https://www.un.org/securitycouncil/content/committees-working-groups-and-ad-hoc-bodies

United Nations. (2023). *UN Security Council Meetings & Outcomes Tables.* Retrieved October 2023, from https://research.un.org/en/docs/sc/quick/veto

United Nations. (2023). *United Nations Security Council*. Retrieved October 2023, from https://www.un.org/securitycouncil/

United Nations General Assembly. (1995). Repertoary of Practice of UN organs. New York.

United Nations Regional Centre for Preventive Diplomacy for Central Asia. (2020). *Collective Security System.* Retrieved October 2023, from The United Nations and International Security: https://unrcca.unmissions.org/sites/default/files/4-unrcca_handout_collective_security_system_eng_2020.pdf

United Nations Security Council. (2022, February 25). *Draft Resolution S/2022/155.* Retrieved November 2023, from https://daccess-ods.un.org/access.nsf/Get?OpenAgent&DS=S/2022/155&Lang=E

United Nations Security Council. (2023). *Committees, Working Groups and Ad Hoc Bodies.* Retrieved November 2023, from https://www.un.org/securitycouncil/content/committees-working-groups-and-ad-hoc-bodies

United Nations. (n.d.). *United Nations Charter, Chapter V - The Security Council.* Retrieved 2023, from https://www.un.org/en/about-us/un-charter/chapter-5

Uras, U., Gadzo, M., Humaid, M., Shankar, P. H., Stepansky, J., & Siddiqui, U. (2023, November 7). *Israel-Palestine escalation updates: Gaza under bombardment.* Retrieved November 2023, from

https://www.aljazeera.com/news/liveblog/2023/10/7/israel-palestine-escalation-live-news-barrage-of-rockets-fired-from-gaza

Ѓуровски, М. (2021). *Основи на безбедност; Концепциски безбедносни пристапи.* Скопје: Фондација Конрад Аденауер, Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола.

Фрчковски, Љ. Д., Тупурковски, В., & Ортаковски, В. (1995). *Меѓународно јавно право.* Скопје: И. П. Табернакул.

Шо, М. Н. (2009). *Меѓународно право.* Просветно дело.